Овој проект е финансиран од Европската унија

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

Sida

Институт за европска политика. Скопје

# АНАЛИЗА НА ОБЛАСТА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ:

# **ЈАВНИ НАБАВКИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

Вградување на начелата на РЈА во секторските политики – Извештај за Република Северна Македонија

WeBER 2.0

Western Balkan Civil Society Empowerment for a Reformed Public Administration

# АНАЛИЗА НА ОБЛАСТА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ: ЈАВНИ НАБАВКИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Наслов:
АНАЛИЗА НА ОБЛАСТА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ:
ЈАВНИ НАБАВКИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

Авторка:
М-р Зоран Јанкуловски
м-р Благородна Ампова

Графички дизајн:
Релатив

Лектор:
Дејан Василевски

Скопје, мај 2022

ОБЛАСТ НА РЈА: ИСПОРАКА НА УСЛУГИ – УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ – ЈАВНИ НАБАВКИ
СЕКТОР: АДМИНИСТРАЦИЈА
ИНСТИТУЦИЈА: МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

WeBER 2.0
Western Balkan Civil Society Empowerment for a Reformed Public Administration

European Policy Institute. Skopje

This project is financed by the European Union

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

Sida

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка преку Балканската мрежа за развој на граѓанското општество. Одговорноста за содржината и информациите во оваа публикација е исклучиво на авторот, издавачот и мрежата Think for Europe. Мислењата изразени во оваа публикација не мора да ги претставуваат мислењата на Европската Унија, Шведската агенција за меѓународна развојна соработка или Балканската мрежа за развој на граѓанското општество.

За повеќе информации: **www.par-monitor.org**

TEN Think for Europe Network

EUROPEAN POLICY CENTRE
Project Coordinator

European Policy Institute. Skopje

FOREIGN POLICY INITIATIVE BH

GROUP FOR LEGAL AND POLITICAL STUDIES

institut alternativa

IDM Institute for Democracy and Mediation
Instituti për Demokraci dhe Ndërmjetësim

EPC EUROPEAN POLICY CENTRE

# СОДРЖИНА


Резиме на извештајот . . . . 4

I. Вовед . . . . 6

I.1 Што и како набљудува (мониторира) WeBER? . . . . 6

I.2 Во овој извештај . . . . 7

II. Анализа . . . . 8

Барање 1: Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни . . . . 8

Барање 2: Јавните набавки се спроведуваат во согласност со планот . . . . 10

Барање 3: Измените на плановите за јавни набавки се јасно видливи . . . . 11

Барање 4: Измените на плановите за јавни набавки се соодветно оправдани . . . . 12

Барање 5: Договорниот орган спроведува отворени/конкурентни постапки за јавни набавки. . . . . 15

Барање 6: Просечен број понудувачи во отворена/конкурентна постапка. . . . . 16

Барање 7: Годишните извештаи што ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни . . . . 16

Конечна процена на барањата . . . . 17

III. Препораки за подобрување. . . . . 18

Додатоци. . . . . 20

Бесплатен пристап до барања за информации . . . . 20

Интервју . . . . 20

Други извори . . . . 20

Анекс . . . . 21

# РЕЗИМЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ

Спроведувањето на јавните набавки од Министерството за финансии на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Министерство за финансии) е во согласност со основните начела на еднаков третман, недискриминација, пропорционалност и транспарентност. Притоа, се констатира дека при спроведување на планираните постапки за јавни набавки се обезбедува ефикасно користење на јавните средства со користење на модерните техники и методи за јавните набавки преку националниот систем за е-набавки.

Министерството за финансии и во 2021 и во 2022 година објавило планови за јавни набавки. Во 2021 година го измениле или го дополниле планот трипати, а заклучно со 30 април 2022 година планот за 2022 година не е изменет.

Реализацијата на плановите за јавни набавки главно се одвива преку Електронскиот систем за јавни набавки (во понатамошниот текст: ЕСЈН).[1] Постапките по кои се спроведуваат набавките во целост се во согласност со Законот за јавни набавки. Притоа, во 2021 година преовладуваат набавки од мала вредност и набавки со поедноставена постапка за кои се објавува оглас за јавна набавка со вкупно 73,20% од вкупните планирани набавки. Во 2022 година, до 30.04.2022 година, засега, преовладуваат поедноставена постапка за која е објавен оглас и поедноставена постапка за која не е објавен оглас, со вкупна реализација од 52% споредено со планот. Информациите во врска со јавните набавки се јавно достапни на системот на ЕСЈН и секој заинтересиран може да изврши пребарување, пред сè во делот на планирани постапки за јавни набавки, јавни набавки што се во тек и кои се спроведени. Отворени и конкурентни постапки се главниот метод за спроведување на јавни набавки, со што се обезбедува максимална отчетност за трошењето на јавните пари..

> Законот за јавни набавки не пропишува обврска договорните органи да изготвуваат и да објавуваат извештаи за спроведените јавни набавки. Единствената обврска што ја наметнува Законот за јавни набавки за сите договорни органи е дека треба да водат посебна евиденција за постапките за јавни набавки, а ваквата евиденција се води во посебна евидентна книга во електронска форма на порталот ЕСЈН. Во евидентната книга се заведуваат сите документи што произлегуваат од соодветната постапка за јавна набавка. Иако сите договорни органи имаат обврска да водат евиденција за сите нивни постапки за јавни набавки и да поднесуваат извештаи за нив до Бирото за јавни набавки преку националниот портал ЕСЈН, нема консолидирани извештаи од нивната вкупна евиденција.

По направената детална анализа на барањата се констатира дека националниот систем за јавни ЕСЈН во делот на достапност на податоците и обврска за објавување е со високо ниво на транспарентност и треба да се продолжи со транспарентниот процес на објавување на податоците за потребите од јавни набавки на договорните органи во делот за план за јавни набавки. За потребите на ова истражување, анализирани се плановите за јавни набавки што се јавно достапни на ЕСЈН и на интернет-страницата на Министерството за финансии. Ваквиот тренд на транспарентност треба да продолжи со формален процес на објавување на измените и дополнувањата на плановите за набавки.

За да биде следена реализацијата на планот за јавните набавки по месеци, со што ќе се зголеми одговорноста и отчетноста кај договорните органи, се дава препорака договорните органи да имаат обврска да објавуваат јавен податок за причините за навремено непочнување на планираните набавки. Во практиката, често се случува ненавременото почнување на планираните постапки да биде причина да се користи нетранспарентна постапка за јавна набавка со преговарање без објавување

1 https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/Home.aspx#/home

оглас поради итност. Воведувањето на нова функционалност на ЕСЈН (преку автоматизирана порака) е за службениците кои се одговорни за спроведување на јавните набавки кај договорните органи и одговорното лице да бидат навремено известени за почнување/непочнување на секоја ставка во рамките на планираниот почеток на набавките. Дополнително се предлага измена во законската регулатива за воведување обврска договорните органи да внесуваат податок на ЕСЈН за причините за непочнување на планирана постапка во месецот кога се планирани.

За да се зголеми транспарентноста и отчетноста на трошењето на јавните средства потребно е податоците што се јавно достапни за планираните набавки да бидат придружени со причини и образложение за секоја набавка, измена или дополнување на годишниот план за јавни набавки. Во таа насока, потребно е да се унифицира внесувањето на релевантни податоци поврзани со измена или дополнување на планот за јавните набавки во пропишан образец. За секоја ставка да има податок што ја бара измената (интерно во рамките на договорниот орган), да се воведе обврска за наведување образложение за потребата од изменување и дополнување.

Законот за јавни набавки ја утврдува рамката за постапување на договорните органи (субјекти на законот) како да се спроведуваат јавните набавки. Во практиката, се соочуваме со разновидност на организациска поставеност на различни договорни органи, па затоа потребно секој договорен орган да има интерни процедури за постапување. Овие процедури пожелно е да се јавно достапни на интернет-страницата на договорниот орган со што ќе се обезбеди достапност на процедурите и роковите во кои треба да се постапува. Објавувањето на интерните процедури за јавни набавки на договорниот орган ќе придонесе за навремено постапување и почитување на роковите. Мал дел од процедурите не се спроведуваат на конкурентен начин, но тоа е во согласност со законските одредби (постапка со преговарање без објавување оглас, исклучоци од примена на законот).

Следењето на реализацијата на планот за јавните набавки е од исклучително значење за навремено и соодветно планирање за следната година за секој договорен орган. Навременото и релевантно известување за тоа како и кога се почнати планираните набавки и за тоа зошто не се почнати планирани набавки треба да биде достапен податок за одговорното лице на договорниот орган или за органите на управување во зависност од организациската поставеност. Изработката на годишен и/или полгодишен извештај од реализација на планот за јавните набавки ќе овозможи следење на реализацијата на годишниот план за јавни набавки со подготовка на извештај за степенот на реализација на планираните набавки. Треба да се овозможи податоците за овој извештај да се генерираат автоматски од ЕСЈН и да ги содржи најмалку следниве податоци: број на планирани набавки; за колку од нив се спроведени постапки за доделување договор за јавна набавка; колку постапки не се почнати и причината за тоа; колку постапки се откажани од барателите и причината за тоа; вредност на склучените договори и разликата помеѓу проценетата вредност и вредноста на склучените договори, односно заштедата што е остварена, првично проценетата вредност и конечната понуда. Потоа, предлагаме Извештајот за реализацијата на планот за јавни набавки да се разгледува од одговорното лице на договорниот орган како материјал од информативен карактер.

# I.
# ВОВЕД

## I.1 Што и како набљудува (мониторира) WeBER?

Јавните набавки не се само начин на кој се трошат јавните пари, туку преку нив ги градиме нашето општество и нашата иднина. Јавните набавки можат да се набљудуваат од повеќе аспекти. Првиот аспект е да се обезбеди правилна алокација на ограничените јавни средства и да се добие најдобра вредност за потрошените пари. Конкурентните и транспарентните постапки за јавни набавки им помагаат на јавните органи да набават стоки, услуги и работи со најдобар квалитет за пониска цена. Со тоа, јавните набавки се клуч за ефикасна јавна потрошувачка. Како резултат на добар систем на јавни набавки, парите на даночните обврзници се трошат поефикасно, се подобрува економскиот развој, се генерираат вработеност и поголема конкуренција. Борбата против корупцијата е, исто така, една од целите на прописите за јавни набавки. Добри и транспарентни постапки за јавни набавки го намалуваат просторот за измами и корупција, а со тоа и можноста од злоупотреби при трошењето на јавни средства.

Вториот аспект е развојот на пазарната економија и поттикнување на конкуренцијата. Кога ќе се собере целокупната јавна потрошувачка, може да се види дека јавниот сектор е голем потрошувач, што сериозно влијае врз целата економија на една земја. Лошите и неконкурентни практики на јавниот сектор сериозно можат да го нарушат функционирањето на пазарот. Од тој аспект, системот на јавни набавки претставува еден од активните регулатори и инструменти во областа на пазарната економија. Станува збор за сложен систем што вклучува многу засегнати страни, како од јавниот, така и од приватниот сектор, кој содржи многубројни постапки низ кои се трошат многу јавни средства.

Извор за обезбедување на податоците што се анализирани и обработени за потребите на оваа анализа е ЕСЈН, кој овозможува електронско објавување на плановите за јавни набавки, огласите и известувањата за јавни набавки, електронско понудување, електронски аукции, односно користење на електронски средства во текот на целата постапка за доделување на договорите за јавни набавки и електронска жалба. Со него управува и го одржува Бирото за јавни набавки,[2] орган во состав на Министерството за финансии. Тој е национален единствен централизиран систем, а договорните органи и економските оператори немаат обврска да развиваат сопствени системи. Овој систем користи иновативни, комуникациски и информатички технологии и претставува најдобар начин за намалување на трошоците во спроведување на јавните набавки, зголемување на транспарентноста, како и намалување на можноста за поткуп и корупција. Системот нуди голем број функционалности, гарантира одговорност и доверба во јавното трошење на парите од даночните обврзници.

2 https://www.bjn.gov.mk/

Дополнително е направена проверка на интернет-страницата на оценетиот договорен орган – Министерството за финансии, во делот на достапност на податоците за јавните набавки. Сите податоци на интернет-страницата се навремено ажурирани за тековната година и соодветно е направено поврзување на податоците со Електронскиот систем за јавните набавки.

## I.2 Во овој извештај

Во овој извештај се разработени седумте барања за потребите на анализата, конкретно во делот за транспарентноста и конкурентноста на практиките за јавни набавки на Министерството за финансии, кој, како договорен орган, планира и спроведува постапки за јавни набавки за своите потреби. Анализата е направена на Годишниот план за јавните набавки на Министерството за финансии за 2021 година и тековната 2022 година (заклучно со јавно достапните податоци до 30.04.2022). Извор од каде што се обезбедени податоците за Министерството за финансии е ЕСЈН - https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/Home.aspx#/home и интернет-страницата на Министерството за финансии, на која има определено посебен дел за јавни набавки - https://bit.ly/3Q00ynF. Со цел зголемување на отчетноста и транспарентноста во јавните набавки на ЕСЈН воведени се неколку можности со цел целокупната јавност да има увид во нив:

- **објава на планираните јавни набавки**, што се достапни и на интернет-страницата на Министерството за финансии со преземени податоци од ЕСЈН,
- **објава на објавените огласи за јавни набавки**, што се достапни и на интернет-страницата на Министерството за финансии со преземени податоци од ЕСЈН,
- **објава на доделените договори за јавни набавки**, што се достапни и на интернет-страницата на Министерството за финансии со преземени податоци од ЕСЈН, и
- **објава на реализираните договори за јавни набавки**, што се достапни и на интернет-страницата на Министерството за финансии со преземени податоци од ЕСЈН.

Дополнително, договорните органи имаат обврска да ги објавуваат отворената постапка и поедноставената отворена постапка во „Службен весник на Република Северна Македонија“ (во понатамошниот текст: „Службен весник“). Делот за објави на огласи во „Службен весник“ е поврзан и интегриран со ЕСЈН, врз основа на што се преземаат податоци за објавени отворени постапки и поедноставени отворени постапки, при што навремено се врши нивно објавување во „Службен весник“.

Во Дел II е направена анализа на сите седум барања од методологијата во кои детално се елаборирани наодите што произлегуваат од анализата на барањата согласно списокот за проверка што е направена на репрезентативниот примерок од Годишниот план за јавните набавки на Министерството за финансии за 2021 година и 2022 година за планираните набавки до 30.04.2022 година. Наведен е податок на релевантните законски одредби поврзани со секое барање, со анализа на нивната примена и предлози за законски измени/дополнувања/појаснувања и евентуални добри практики.

Во Дел III дадени се препораки за пополнување на идентификуваните празнини. Препораките се конкретни со наведување на надлежните институции за нивно спроведување и временска рамка за нивна имплементација од аспект на тоа дали се краткорочни, среднорочни или долгорочни. Препораките се во насока на директна интервенција на слабостите идентификувани преку анализа на барањата.

# II.
# АНАЛИЗА

## Барање 1: Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни

Министерството за финансии, согласно член 75 од Законот за јавни набавки,[3] i има обврска да изготви годишен план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година. Планот е распореден во три категории по видови стоки, услуги и работи. Со годишниот план за јавни набавки се определува очекуваниот почеток на постапката и видот на постапката за доделување на договорот. Во член 75 став 1 е пропишано дека врз основа на планираните извори за финансирање, Министерството за финансии (договорен орган) донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Заедничкиот поимник за јавни набавки (во понатамошниот текст: ЗПЈН), со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка. Во член 75 став 3 е определено дека Министерството за финансии (договорниот орган) има обврска да го објави планот за јавни набавки во ЕСЈН до крајот на јануари од тековната година. Согласно став 4 е дадена можност по потреба, Министерството за финансии (договорниот орган) во текот на годината да може да го измени и/или да го дополни годишниот план согласно со планираните или обезбедените средства за јавни набавки и истите измени има обврска да ги објави на ЕСЈН.

Врз основа на член 75 став 5 од Законот за јавни набавки, донесен е Правилник за формата,[4] содржината и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки врз основа на кој на ЕСЈН има посебна функционалност и посебен модул (апликативна веб-форма согласно овој правилник), согласно кои во годишниот план за јавни набавки се содржани вкупните потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН,[5] очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот или рамковната спогодба и видот на постапката за доделување на договорот или рамковната спогодба. Модулот за објавување на планот е поврзан со објавата на огласите во текот на годината, и тоа за секоја поединечно внесена планирана набавка. Процесот почнува со креирање на планот на ЕСЈН од Единицата за јавни набавки при Министерството за финансии, при што се внесуваат планираните постапки за тековната година, а потоа преку ЕСЈН се доставува кај министерот за финансии во улога на одговорно лице на одобрување. По одобрувањето, планот автоматски станува јавно достапен на ЕСЈН.

Врз основа на горенаведената законска одредба, Министерството за финансии има постапено согласно член 75 став 3 од Законот за јавни набавки, односно верзијата 1 ја има објавено на 21.01.2021 година на ЕСЈН во рамките на законскиот рок до крајот на јануари од тековната година. Овие податоци се достапни и на интернет-страницата на Министерството за финансии. На ЕСЈН се достапни сите верзии на објави на годишниот план за јавни набавки, а на интернет-страницата е достапна последната верзија (активна за тековната година), со внесени нови ставки, променети ставки или избришани ставки. Министерството за финансии на ЕСЈН во 2021 година ги има објавено:

3 „Службен весник на Република Македонија“, број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 87/21.

4 https://www.bjn.gov.mk/podzakonski-akti-zjn/pravilnik-za-godisen-plan-za-javni-nabavki/

5 Уредба за заеднички поимник за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 15/20).

### 1.1 ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЗА 2021 ГОДИНА ИМА ЧЕТИРИ ВЕРЗИИ:

- ВЕРЗИЈА ОБЈАВЕНА НА 21.01.2021 ГОДИНА (ОСНОВНА ВЕРЗИЈА),
- ВЕРЗИЈА ОБЈАВЕНА НА 14.05.2021 ГОДИНА,
- ВЕРЗИЈА ОБЈАВЕНА НА 21.06.2021 ГОДИНА, И
- ВЕРЗИЈА ОБЈАВЕН НА 02.12.2021 ГОДИНА.

Сите верзии и споредби се јавно достапни на ЕСЈН. Податоците што се предмет на анализа се преземени од ЕСЈН.[6]

При направената споредба со верзија 1 и верзија 2 се констатира следново:

- Додадени се четири нови ставки;
- Променети се три ставки; и
- Избришани се две ставки.

При направената споредба со верзија 2 и верзија 3 се констатира следново:

- Додадени се три нови ставки; и
- Променета е една ставка.

При направената споредба со верзија 3 и верзија 4 се констатира следново:

- Додадени се пет нови ставки; и
- Избришана е една ставка.

Од горенаведените податоци може да се констатира дека Министерството за финансии, согласно со податоците на ЕСЈН во делот на објавените планови, за 2021 година има додадено 12 нови ставки, има променето четири ставки и избришано три ставки.

**Процената за 2021 година е „Барањето е целосно исполнето“.**

### 1.2 ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2022 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ИМА ЕДНА ВЕРЗИЈА:

- ВЕРЗИЈА ОБЈАВЕНА НА 28.01.2022 ГОДИНА.

**Процената за 2022 година е „Барањето е целосно исполнето“.**

Министерството за финансии плановите за јавни набавки за 2021 и 2022 година ги прави јавно достапни на ЕСЈН и на својата интернет-страница (https://bit.ly/3tdfMw1) во делот на е-набавки, но само за актуелниот план за јавни набавки. Доколку треба да се пребара за претходни верзии или податоци што се дополнети со нови ставки, променети или избришани, тоа е овозможено и достапно преку ЕСЈН. Во 2021 година планот за јавни набавки е објавен на 21.01.2021 година и тој е ажуриран со три измени што се направени во три наврати, на 14.05.2021 година, 21.06.2021 година и 02.12.2021 година. Во 2022 година планот за јавни набавки е објавен на 28.01.2022 година.

Доброто планирање е една од карактеристиките по која добрите професионалци кои се одговорни за планирање на јавните набавки се разликуваат од другите. Овој процес игра голема улога за навремено задоволување на вистинските потреби на Министерството за финансии во текот на годината. Евентуалните пропусти во процесот на планирањето негативно можат да се одразат на успешното функционирање на Министерството за финансии од аспект на обезбедување стоки, извршување услуги и изведување работи. Вообичаено, овој процес стартува на почетокот на последниот квартал од тековната година (почетокот на септември) кога треба однапред да утврди кои стоки, работи или услуги ќе бидат потребни за набавка, кога треба да се набават, потребата за финансирање или кофинансирање и која постапка за доделување договор е најсоодветна, имајќи ги предвид проценетата вредност и природата на договорот за јавна набавка. Овој период на почеток на планирање соодветствува со периодот на буџетското планирање,

6 https://bit.ly/3GFFPl0

така што овие два процеса се меѓусебно поврзани и зависни еден од друг. Проценетата вредност на договорот за јавна набавка се пресметува при изготвување на годишниот план за јавни набавки, што, согласно член 7 од Правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, се внесува од Министерството за финансии, но без да се објавува проценетата вредност на јавната страна на ЕСЈН.

## Барање 2: Јавните набавки се спроведуваат во согласност со планот

За потребите на ова барање се анализирани последните пет планирани постапки за јавни набавки поединечно за стоки, услуги и работи[7] согласно планот за јавните набавки за 2021 година и 2022 година (заклучно до 30.04.2022 година) на Министерството за финансии. Анализата е направена во поглед на навременото почнување на планираните постапки за јавни набавки. Податоците што се анализирани се јавно достапни на ЕСЈН.

Врз основа на податоците од репрезентативниот примерок одделно за последните пет постапки за јавни набавки на стоки и услуги во 2021 година може да се констатира дека:

- кај планираните постапки за јавна набавка на стоки од вкупно пет постапки, четири постапки почнале согласно планираната динамика и очекуваниот старт,
- кај планираните постапки за јавна набавка на услуги од вкупно пет постапки, три постапки почнале согласно планираната динамика и очекуваниот старт, а една постапка е постапка со преговарање без објавување оглас.

Набавките што не се почнати согласно планираниот очекуван почеток не почнале согласно планираното од следниве причини:

- Не се подготвени техничките спецификации за предметот на набавка во планираниот месец за почеток на постапката;
- Непочнатите постапки по планот за набавки 2021 година се пренесени и тие се планирани во планот за набавки во 2022 година;
- Одложено е почнувањето на планираната набавка;
- Во месецот кога е планирана постапката за набавка службениците за подготовка на техничката спецификација почнале да ја подготвуваат техничката спецификација во истиот месец, а постапката почнала (со објавен оглас) следниот месец.

**Процената за 2021 година е „Делумно исполнето барање" (бидејќи најмалку по три примероци од планираните јавни набавки кај стоки и услуги беа почнати како што биле планирани).**

Врз основа на податоците од репрезентативниот примерок одделно за последните пет постапки за јавни набавки на стоки и услуги во 2022 година (заклучно со 30.04.2022) може да се констатира дека:

- кај планираните постапки за јавна набавка на услуги од вкупно пет постапки, една постапка почнала согласно со планираната динамика и очекуваниот старт.

Набавките што не се почнати согласно планираниот очекуван почеток не почнале согласно со планираното од следниве причини:

- Одложено е почнувањето на планираната набавка;
- Во месецот кога е планирана постапката за набавка службениците за подготовка на техничката спецификација почнале да ја подготвуваат техничката спецификација во истиот месец, а постапката почнала (со објавен оглас) следниот месец.

**Процената за 2022 година е „Барањето не е исполнето" (бидејќи помалку од три примероци од планираните јавни набавки кај стоки и услуги беа почнати како што биле планирани)".**

7 Податоци во Анекс 1 и Анекс 2 во прилогот на овој извештај.

## Барање 3: Измените на плановите за јавни набавки се јасно видливи

Ова барање е во корелација со барањето 1: Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни. Сите верзии на планот за јавни набавки за 2021 година и 2022 година на Министерството за финансии и споредбите се јавно достапни на ЕСЈН. Податоците што се предмет на анализа се преземени од ЕСЈН. Направените промени на годишниот план за јавни набавки за 2021 година се јасно видливи и ажурирани на ЕСЈН и за нив може да се направи споредба со основниот план за јавни набавки (1 верзија). Согласно законската обврска за објавување на годишниот план за јавни набавки во ЕСЈН планот станува јавен документ и достапен до јавноста. Секоја заинтересирана страна може во кое било време да следи и да прави анализа за начинот на спроведување и реализација на планот преку ЕСЈН и ограничените функционалности за пребарување. Министерството за финансии има слобода да го ревидира планот со постапките за јавни набавки што првично не ги предвидела секогаш кога ќе се јави потреба од тоа или во одреден период (квартално, полгодишно или годишно). Ваквите ревизии на годишните планови за јавни набавки можат да помогнат многу во јакнењето на капацитетите за планирање, бидејќи даваат увид во слабостите и недостатоците што се јавиле во процесот на планирање и ќе послужат како основа за планирање на потребите во следната година, а со тоа ќе се постигне основната цел на планот.

### 3.1 ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЗА 2021 ГОДИНА ИМА ЧЕТИРИ ВЕРЗИИ, И ТОА:

- верзија објавена на 21.01.2021 година (основна верзија),
- верзија објавена на 14.05.2021 година,
- верзија објавена на 21.06.2021 година, и
- верзија објавен на 02.12.2021 година.

При направената споредба со верзија 1 и верзија 2, споредба со верзија 2 и верзија 3 и споредба со верзија 3 и верзија 4, може да се констатира дека Министерството за финансии на Република Северна Македонија, согласно податоците на ЕСЈН во делот на објавените планови за 2021 година, има додадено 12 нови ставки, има променето четири ставки и избришано три ставки. Министерството за финансии на ЕСЈН видливо ги има наведено измените на своите планови за јавни набавки за 2021 година, преку легендата на знаци на ЕСЈН видливо е што се менува, во споредба со првичниот план за јавни набавки во однос на додавање на нови ставки, бришење на планирани ставки или променети ставки. Во делот на променетите ставки може да се направи споредба на промените од аспект на промена кај предметот на договорот за јавна набавка, кај ЗПЈН, кај видот на договорот, кај видот на постапката или месецот за очекуван старт. Во овој дел на ЕСЈН се прикажува процент (%) на промена на ставката.

**Процената за 2021 година е „Барањето е целосно исполнето“.**

### 3.2 ОБЈАВЕНА Е ВЕРЗИЈА 1 ЗА ТЕКОВНАТА 2022 ГОДИНА НА ЕСЈН И НА ОВАА ВЕРЗИЈА ДО 30.04.2022 ГОДИНА НЕ СЕ НАПРАВЕНИ ИЗМЕНИ ИЛИ ДОПОЛНУВАЊА НА ПЛАНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ. СПОРЕД ТОА, ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2022 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ИМА ЕДНА ВЕРЗИЈА:

- ВЕРЗИЈА ОБЈАВЕНА НА 28.01.2022 ГОДИНА.[8]

**Процената за 2022 година е „Барањето е целосно исполнето“.**

8 https://bit.ly/3xacgVp

## Барање 4: Измените на плановите за јавни набавки се соодветно оправдани

Ова барање е во корелација со барањето 3 од оваа анализа, при што клучно е да се напомене дека обврска за формално образложение или оправдување за измена на планот за јавни набавки не е предвидена во Законот за јавни набавки. Имено, во член 75 од Законот за јавни набавки во Поглавјето 4, со наслов Спроведување на постапката, во Одделот 1, Планирање и подготовка, е пропишано дека врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка. Во став 2 е пропишано дека вкупните потреби за набавки треба да ги вклучуваат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавки, како и набавките на посебните услуги.

> Согласно со став 5 од член 75, донесен е подзаконски акт што ја разработува областа на планирањето во облик на Правилник за формата, содржината и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки. Согласно со овој подзаконски акт не е воведена обврска за договорните органи, ниту, пак, е пропишан таков образец во кој треба да се пополнат податоци за образложенија и причини за потребата од набавка за секоја ставка или, пак, за евентуална нивна измена, дополнување или бришење. Овој податок не е достапен на ЕСЈН.

Не е достапен податок за буџетските импликации, кога се прават промени на ставките (не е видлив на ЕСЈН на јавната страна податокот за проценетата вредност на ставката) при намалувања на проценетата вредност на ставката или зголемување на проценетата вредност на ставката. Нема достапен податок за направена анализа на пазарот од страна на Министерството за финансии, која ја спроведуваат службениците за јавни набавки по објавување на планот за јавни набавки на ЕСЈН во делот на финансирањето.

Во анализираниот примерок на објавениот годишен план за јавни набавки за 2021 година и 2022 година (заклучно со 30.04.2022 година) Министерството за финансии во пропишаниот образец во осмата колона, каде што треба да се внесуваат евентуални забелешки, нема наведено никаков податок во форма на запис, со образложение и причина за измена или дополнување на планот за јавни набавки. Во Министерството за финансии, пред да се одобри планот за јавни набавки, се бараат податоци од сите организациски единици (сектори, одделенија, органи во состав без својство на правно лице), за да ги пријават своите потреби за набавки. Врз основа на пријавените потреби, службениците за јавни набавки во рамките на Секторот за правни работи ги интегрираат податоците во пропишаната форма на план за јавни набавки. Во оваа фаза се прават консултации со Секторот за финансиски прашања на Министерството за финансии за да бидат усогласени податоците со проценетата вредност, поединечно за секоја ставка и вкупно за целиот план за јавни набавки.

Во анализираниот примерок нема направени измени на Законот за јавни набавки со кои треба да се менува видот на постапката за јавна набавка, ниту, пак, е констатиран обид за да се избегне спроведувањето на законот каде што се врши промена на видот на постапката од редовна отворена постапка со постапка со преговарање без објавување оглас. Во анализата се констатира дека во планот за јавни набавки за 2021 година во верзијата 4, која е објавена на 02.12.2021 година, е направено дополнување на планот со нова ставка со примена на постапка со преговарање без објавување оглас за предмет на набавка за Одржување на апликативна програма за основни средства со очекуван почеток за декември 2021 година. За оваа постапка, согласно со член 55 став 5,[9] Министерството за финансии има обврска да добие позитивно мислење од Бирото за јавни набавки за исполнетост на условите за спроведување на оваа постапка. На ЕСЈН има објавено податок со добиено позитивно мислење од Бирото за јавни набавки на 15.12.2021 година[10] и известување за склучен договор на 14.03.2022 година. Врз основа на овие податоци може да се констатира дека Министерството за финансии ја почнало и ја спровело постапката за преговарање без објавување оглас согласно со дополнувањето со нова ставка на планот за јавни набавки во декември 2021 година и за оваа постапка има достапни податоци и објавено документи на ЕСЈН согласно обврските од Законот за јавни набавки.

**Процената за 2021 година и 2022 година е „Барањето не е исполнето“.**

9 Член 55 став (5) Во случаите од став (1) точки в) и г) договорниот орган ја почнува постапката со преговарање без претходно објавување оглас само по добивање на претходно мислење од Бирото.

10 Член 55 став (12) Договорниот орган кон известувањето за склучен договор го прикачува и мислењето на Бирото во случаите кога тоа е задолжително.

## Барање 5: Договорниот орган спроведува отворени/конкурентни постапки за јавни набавки

Во Законот за јавни набавки пропишани се следниве видови постапки за доделување договори за јавна набавка:

- **Набавка од мала вредност** се врши за набавки на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра и на работи до 20.000 евра. Набавката од мала вредност се врши со објавување оглас за набавка од мала вредност, при што минималниот рок за поднесување на понудите е седум дена или преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност на ЕСЈН, за стандардни стоки и услуги.
- **Поедноставена отворена постапка** се врши за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 70.000 евра и на работи до 500.000 евра. Во поедноставената отворена постапка, секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда врз основа на објавениот оглас за јавна набавка, при што минималниот рок за поднесување понуди е 15 дена од денот на објавувањето на огласот во ЕСЈН.
- **Отворена постапка** се спроведува во една фаза и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда со потребната документација за утврдување способност и сета друга документација согласно со условите од тендерската документација. Минималниот рок за поднесување на понудите е 30 дена од денот на објавувањето на огласот во ЕСЈН.
- **Ограничена постапка** се спроведува во две фази (претквалификација и поднесување понуди) и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, врз основа на објавениот оглас за јавна набавка. Во прилог на пријавата за учество се доставува и документацијата за утврдување способност според условите од тендерската документација за првата фаза. Минималниот временски рок за поднесување на пријавите за учество кај јавните набавки е 30 дена од датумот кога е објавен огласот за јавна набавка. Минималниот временски рок за поднесување на понудите е 25 дена од датумот на испраќање на поканата за поднесување понуда.
- **Конкурентна постапка со преговарање** може да се спроведе само во определени случаи утврдени во законот. Во конкурентната постапка со преговарање секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, врз основа на објавениот оглас за јавна набавка. Минималниот рок за поднесување на пријавите за учество е 30 дена од денот на објавување на огласот, додека минималниот рок за поднесување на првичните понуди е 25 дена од денот на испраќање на поканата за поднесување првична понуда.
- **Конкурентен дијалог** може да користи доколку се исполнети определени случаи утврдени во законот. Конкурентниот дијалог се спроведува во три фази, и тоа фаза на претквалификација, фаза на дијалог и фаза на поднесување конечна понуда.
- **Партнерство за иновации** може да се користи доколку договорниот орган има потреба од иновативни стоки, услуги или работи, која не може да се задоволи со набавка на стоки, услуги или работи што се веќе достапни на пазарот. Во постапката за партнерство за иновации секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, кон што ја приложува потребната документација за утврдување способност.
- **Постапка со преговарање без објавување оглас** може да се спроведе само во определени случаи утврдени во законот. Во определени случаи (итност, технички или уметнички причини) Договорниот орган може да почнува постапката со преговарање без претходно објавување оглас само по добивање на претходно мислење од Бирото за јавни набавки. Договорниот орган нема обврска да добие претходно мислење пред да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување оглас доколку директно се загрозени безбедноста, животот и здравјето на луѓето. Договорниот орган има обврска во одлуката за јавна набавка при користење на ова постапка да ги наведува и да ги образложува причините за изборот на постапката со преговарање без објавување оглас. Договорниот орган при евидентирање на оваа постапка има обврска кон известувањето за склучен договор да го прикачи и мислењето на Бирото во случаите кога тоа е задолжително.

**Во 2021 година**, Министерството за финансии на ЕСЈН има објавено вкупно 97 постапки за јавни набавки, од кои за:

- 76 постапки има објавено оглас, односно тие се почнати,
- 21 постапка нема објавено оглас, односно 17 не се почнати, а за четири постапки е користена постапка со преговарање без објавување оглас.

Според видот на постапката за доделување договор за јавна набавка планирани се следниве видови постапки:

- 48 набавки од мала вредност, од кои за 39 набавки од мала вредност е објавен оглас, а за девет не е објавен оглас, односно не е спроведена планираната постапка за набавка,
- 40 поедноставена отворена постапка, од кои за 32 поедноставени отворени постапки е објавен оглас, а за осум не е објавен оглас, односно не е спроведена планираната постапка за набавка,
- пет отворени постапки и за сите има објавено оглас,
- четири постапка со преговарање без објавување оглас[11] , и
- нема објавено постапки во форма на ограничена постапка, конкурентен дијалог, конкурентна постапка со преговарање, посебни услуги и партнерство за иновации.

Врз основа на горенаведените податоци за 2021 година се констатира дека за 76 постапки за јавни набавки е користена редовна и конкурентна постапка, односно користен е метод за набавка во кои сите заинтересирани економски оператори можеле да поднесат понуда врз основа на објавен оглас на ЕСЈН со кој се објавува почеток на постапката за јавна набавка.

**Во 2022 година** Министерството за финансии на ЕСЈН има вкупно објавено 97 постапки за јавни набавки, од кои, заклучно до 30.04.2022 година, треба да се спроведат 50:

- за 24 постапки има објавено оглас, односно тие се почнати,
- за 26 постапка нема објавено оглас, односно 25 не се почнати, а за една постапка е користена постапка со преговарање без објавување оглас.

Според видот на постапката за доделување договор за јавна набавка заклучно до 30.04.2022 година планирани се следниве видови постапки:

- 19 набавки од мала вредност, од кои за девет набавки од мала вредност е објавен оглас, а за десет не е објавен оглас, односно не е спроведена планираната постапка за набавка,
- 26 со поедноставена отворена постапка, од кои за 12 поедноставени отворени постапки е објавен оглас, а за 14 не е објавен оглас, односно не е спроведена планираната постапка за набавка,
- четири отворени постапки, од кои за три набавки е објавен оглас, а за еден не е објавен оглас, односно не е спроведена планираната постапка за набавка,
- една постапка со преговарање без објавување оглас; и
- нема објавено постапки во форма на ограничена постапка, конкурентен дијалог, конкурентна постапка со преговарање, посебни услуги, партнерство за иновации и набавки од мала вредност преку е-пазар.[12]

Врз основа на горенаведените податоци за 2022 година (заклучно до 30.04.2022 година) се констатира дека за 24 постапки за јавни набавки е користена редовна и конкурентна постапка, односно користен е метод за набавка во кои сите заинтересирани економски оператори можеле да поднесат понуда врз основа на објавен оглас на ЕСЈН со кој се објавува почеток на постапката за јавна набавка.

Министерството за финансии спроведувало во поголем процент конкурентни постапки што според Законот за јавни набавки, а врз основа на проценетата вредност, се пропишани како набавка од мала вредност, поедноставена отворена постапка и отворена постапка. Во мал број ја користеле нетранспарентната постапка со преговарање без објавување оглас. Подолу во табелите се прикажани податоците за објавени/необјавени постапки за јавни набавки и според видот на постапката.

11 За оваа постапка не се објавува оглас на ЕСЈН.

12 Оваа функционалност е овозможена од 01.03.2022 година како посебна апликативна форма на следнава интернет-страница: https://e-pazar.gov.mk/

## ПОДАТОЦИ ЗА 2021 ГОДИНА

*Табела 1. Објавени постапки за јавни набавки во 2021 година*

| Назив на постапка | Број на постапки | % |
|---|---|---|
| Има објавено оглас/почнати се | 76 | 78.35% |
| Не се почнати постапки | 17 | 17.53% |
| Постапка со преговарање | 4 | 4.12% |
| **Вкупно** | **97** | **100%** |

*Табела 2. Планирани постапки според вид на постапка за доделување договор за јавни набавки во 2021 година*

| Назив на постапка | Број на постапки | % |
|---|---|---|
| Набавки од мала вредност за кои е објавен оглас | 39 | 40.21% |
| Набавки од мала вредност за кои не е објавен оглас | 9 | 9.28% |
| Поедноставена постапка за која е објавен оглас | 32 | 32.99% |
| Поедноставена постапка за која не е објавен оглас | 8 | 8.25% |
| Отворени постапки за кои има објавено оглас | 5 | 5.15% |
| Постапка за преговарање без објавување оглас | 4 | 4.12% |
| **Вкупно** | **97** | **100.00%** |

## *ПОДАТОЦИ ЗА 2022 ГОДИНА*

*Табела 3. Објавени постапки за јавни набавки во 2022 година (заклучно со 30.04.2022)*

| Назив на постапка | Број на постапки | % |
|---|---|---|
| Има објавено оглас/почнати се | 24 | 48.00% |
| Не се почнати постапки | 25 | 50.00% |
| Постапка со преговарање | 1 | 2.00% |
| **Вкупно** | **50** | **100%** |

*Табела 4. Планирани постапки според вид на постапка за доделување договор за јавни набавки во 2022 година (заклучно со 30.04.2022*

| Назив на постапка | Број на постапки | % |
|---|---|---|
| Набавки од мала вредност за кои е објавен оглас | 9 | 18% |
| Набавки од мала вредност за кои не е објавен оглас | 10 | 20% |
| Поедноставена постапка за која е објавен оглас | 12 | 24% |
| Поедноставена постапка за која не е објавен оглас | 14 | 28% |
| Отворени постапки за кои има објавено оглас | 3 | 6% |
| Отворена постапка за која не е објавен оглас | 1 | 2% |
| Постапка за преговарање без објавување оглас | 1 | 2% |
| **Вкупно** | **50** | **100.00%** |

**Процената за 2021 година и 2022 година е „Делумно исполнето барање“.**

## Барање 6: Просечен број понудувачи во отворена/конкурентна постапка

Врз основа на поединечните податоци за постапките на Министерството за финансии во однос на просечниот број понудувачи се констатира дека кај набавката од мала вредност бројот на понуди е помал (од една до три понуди), во споредба со бројот на понуди кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка што е поголем (од две до седум понуди). Кај постапката со преговарање без објавување оглас бројот на понуди е една поради спецификата на предметот на набавката, каде што само еден понудувач може да ја изврши набавката.

**Процената за 2021 година и 2022 година е „Делумно исполнето барање".**

## Барање 7: Годишните извештаи што ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни

Министерството за финансии нема објавено податок за реализација на планот за јавни набавки за 2021 година на ЕСЈН, ниту на својата интернет-страница. Оваа констатација е иста и за 2022 година (заклучно со 30.04.2022 година). Не се најдени извештаи за јавни набавки за кој било договорен орган на централно ниво опфатен со примерокот за изминатите две календарски години.

Во Законот за јавни набавки нема пропишана обврска за Министерството за финансии да подготвува извештај (месечен, квартален, полгодишен или годишен) со податоци за број на планирани постапки за јавни набавки, број на почнати постапки, број на донесени одлуки за избор/поништување, број на склучени договори, број на постапки со преговарање без објавување оглас, број на управни контроли од Бирото за јавни набавки, број на жалби и др.

Врз основа на горенаведените податоци се констатира дека Министерството за финансии нема објавено на ЕСЈН и на својата интернет-страница годишен извештај за планираните и спроведените постапки за јавни набавки за 2021 година, ниту, пак, квартален извештај за 2022 година (до 30.04.2022 година). Следењето на реализацијата на годишниот план за јавни набавки пожелно е да се прави на квартално ниво со доставување извештај за степенот на реализација на планираните набавки, колку набавки биле планирани, за колку се спроведени постапки за доделување договор за јавна набавка, колку постапки не се почнати и причината за тоа, колку постапки се откажани од барателите и причината за тоа, вредност на склучените договори и разликата помеѓу проценетата вредност и вредноста на склучените договори, односно заштедата што е остварена првично проценетата вредност и конечната понуда. Овој извештај за реализацијата на планот за јавни набавки препорачливо е да се разгледува од одговорното лице на Министерството за финансии како материјал од информативен карактер. На овој начин, одговорното лице ќе има увид во степенот на реализација на планот за јавни набавки, како и за определени измени за потребите на Министерството за финансии или тешкотии при спроведувањето на редовните планирани постапки. Секторот за правни работи при Министерството за финансии, одделението за јавни набавки треба да воведе процедура за подготовка на извештај за реализација на планот за јавни набавки.

**Процената за 2021 година и 2022 година е „Барањето не е исполнето".**

## Конечна процена на барањата

| Барање | Конечна (финална процена) |
|---|---|
| Барање 1: Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни | Целосно исполнето |
| Барање 2: Јавните набавки се почнати согласно планот | Делумно исполнето |
| Барање 3: Измените на плановите за јавни набавки се јасно видливи | Целосно исполнето |
| Барање 4: Измените на плановите за јавни набавки се соодветно оправдани | Не е исполнето |
| Барање 5: Договорниот орган спроведува отворени/конкурентни постапки за јавни набавки | Делумно исполнето |
| Барање 6: Просечен број понудувачи во отворени/конкурентни постапки | Делумно исполнето |
| Барање 7: Годишните извештаи што ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни | Не е исполнето |

# III.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

| Барање | Препорака/краткорочна, среднорочна или долгорочна интервенција | Коментар |
|---|---|---|
| 1. Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни | Да се продолжи со транспарентниот процес на објавување | Во периодот на предмет на ова истражување, плановите се јавно достапни |
| 2. Јавните набавки почнуваат согласно планот | 1. Воведување на автоматизирана порака преку ЕСЈН до службениците за јавни набавки во Министерството за финансии и одговорното лице за навремено почнување на секоја ставка во рамките на планираниот почеток (среднорочно).<br>2. Воведување обврска да се внесува податок на ЕСЈН за причините за непочнување на планирана постапка во месецот кога е планирана (среднорочно). | За да биде следена реализацијата на Планот за јавните набавки по месеци, со што ќе се зголеми одговорноста и отчетноста кај договорните органи, потребно е институциите да објавуваат јавен податок за причините за непочнување навреме за определени ставки/набавки. Во практиката, често се случува ненавременото почнување на планираните редовни постапки да биде причина да се користи нетранспарентна постапка за преговарање без објавување оглас поради итност. |
| 3. Јасно се видливи измените на плановите за јавни набавки | Да се продолжи со транспарентниот процес на објавување на измените и дополнувањата на планот за набавки | Во периодот на предмет на ова истражување, измените на плановите се јавно достапни |
| 4. Измените на плановите за јавни набавки се соодветно оправдани | Воведување на законска обврска и пропишување образец на кој ќе се наведат сите релевантни податоци поврзани со измена или дополнување на планот за јавните набавки. За секоја ставка да има наведено кој ја бара измената (интерно во рамките на договорниот орган), да се воведе обврска за наведување на образложение за потребата (среднорочно). | Анализата покажа дека ова барање не е исполнето, а во исто време нема законска одредба со која ќе биде задолжително. Препораката е во насока на зголемување на отчетноста и транспарентноста на договорниот орган. |
| 5. Договорниот орган спроведува отворени/ конкурентни постапки за јавни набавки | Воведување на задолжителна законска обврска за објавување на интерните процедури, со почитување на роковите (среднорочно). | Мал дел од процедурите не се спроведуваат на конкурентен начин, но тоа е во согласност со законските одредби. |
| 6. Просечен број понудувачи во отворени/ конкурентни постапки | 1. Воведување на нови функционалности на набавки – е-каталог, динамичен систем за купување.<br>2. Воведување функционалност за квалификувани способни понудувачи преку што ќе има полесен пристап за понудување.<br>3. Навремена исплата на обврските по склучените договори. | Со цел да се зголеми конкуренцијата се предлага олеснет пристап на понудувачите на системот за јавни набавки и навремено сервисирање на обврските за плаќање од страна на договорните органи. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. Годишните извештаи што ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни | 1. Следење на реализацијата на годишниот план за јавни набавки да биде внесено како обврска во Законот за јавни набавки и да се прави на квартално или годишно ниво со подготовка на извештај за степенот на реализација на планираните набавки.<br>2. Овој извештај да се генерира автоматски од ЕСЈН и да ги содржи најмалку следниве податоци: колку набавки биле планирани, за колку се спроведени постапки за доделување договор за јавна набавка, колку постапки не се почнати и причината за тоа, колку постапки се откажани од барателите и причината за тоа, вредност на склучените договори и разликата помеѓу проценетата вредност и вредноста на склучените договори, односно заштедата што е остварена првично проценетата вредност и конечната понуда.<br>3. Овој извештај за реализацијата на планот за јавни набавки да се разгледува од одговорното лице на Министерството за финансии како материјал од информативен карактер. | Во моментов, нема законска обврска за изработка на годишен и/или квартален извештај од јавните набавки. |

# ДОДАТОЦИ

## Бесплатен пристап до барања за информации

1. Анализа на последни пет набавки на стоки и услуги од планот за јавни набавки на Министерството за финансии за 2021 година.
2. Анализа на последни пет набавки на стоки и услуги од планот за јавни набавки на Министерството за финансии за 2022 година.

## Интервју

| Институција/Организација | Позиција | Датум | Место |
|---|---|---|---|
| Министерство за финансии | Вработен во оддел за јавни набавки | 20.05.2022 | Интервју |

## Други извори


1. Закон за јавни набавки („Службен весник на РМ", бр. 24/19), https://www.bjn.gov.mk/zakon-za-avni-nabavki/zakon-za-avni-nabavki/
2. Закон за дополнување на Законот за јавни набавки („Службен весник на РСМ", бр. 87/21), https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2021/05/ZJN_izmena.pdf
3. Правилник за содржината на годишниот план за јавните набавки („Службен весник на РМ", бр. 64/19), https://www.bjn.gov.mk/category/podzakonski-akti/
4. Правилник за начинот на водење евиденција на постапките за јавни набавки, како и содржината на евидентната книга („Службен весник на РМ", бр. 64/19), https://www.bjn.gov.mk/category/podzakonski-akti/
5. Правилник за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на РМ", бр. 64/19 и 271/19), https://www.bjn.gov.mk/category/podzakonski-akti/
6. Стратегија за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година (декември 2021), https://www.bjn.gov.mk/category/strateshki-dokumenti/
7. Акциски план за 2022 година за спроведување на стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година, https://www.bjn.gov.mk/category/strateshki-dokumenti/
8. Брошура – Планирање на набавките (објавена на интернет-страницата на Биро за јавни набавки, https://www.bjn.gov.mk/prirachnici-za-avni-nabavki/broshura-planra-e-na-nabavkite/

# АНЕКС

**Анализа на последните пет набавки на стоки и услуги од планот за јавни набавки на Министерството за финансии за 2021 година**

- Дел за договори и рамковни спогодби за **јавни набавки на стоки за 2021 година**, како последни пет се планирани следниве постапки за јавни набавки:

| Предмет на договор за јавна набавка | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Очекуван старт | Објавен оглас (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|---|
| Гориво за службените моторни возила и масло за горење | Стоки | Поедноставена отворена постапка | Декември | ДА |
| Поддршка и претплата на лиценци за HCL Domino Collaboration Express | Стоки | Поедноставена отворена постапка | Декември | ДА |
| Печатени изданија на дневни и периодични весници | Стоки | Набавка од мала вредност | Декември | ДА |
| Поддршка и претплата на лиценци за заштита и архивирање податоци | Стоки | Поедноставена отворена постапка | Декември | НЕ |
| Мултифункциски апарати и принтери | Стоки | Набавка од мала вредност | Декември | ДА |

- Дел за договори и рамковни спогодби за **јавни набавки на услуги во 2021 година**, како последни пет се планирани следниве постапки за јавни набавки:

| Предмет на договор за јавна набавка | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Очекуван старт | Објавен оглас (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|---|
| Одржување и сервисирање на електроенергетски развод и осветлување на зграда | Услуги | Набавка од мала вредност | Декември | НЕ |
| Одржување на апликативна програма за основни средства | Услуги | Постапка со преговарање без објавување оглас | Декември | НЕ |
| Миење на службените возила | Услуги | Набавка од мала вредност | Декември | ДА |
| Одржување и сервисирање на системот за греење, ладење, вентилација (HVAC) | Услуги | Поедноставена отворена постапка | Декември | ДА |
| Проверка на сигурноста од пробивање (penetration testing) | Услуги | Набавка од мала вредност | Декември | ДА |

- Не се пронајдени записи на ЕСЈН за договори и рамковни спогодби за **јавни набавки на работи за 2021 година**, што значи дека Министерството за финансии воопшто нема планирано јавни набавки за работи во 2021 година.

TEN
Think for Europe Network

EUROPEAN POLICY CENTRE
Project Coordinator

European Policy Institute. Skopje

FOREIGN POLICY INITIATIVE BH

GROUP FOR LEGAL AND POLITICAL STUDIES

institut alternativa

IDM
Institute for Democracy and Mediation
Instituti për Demokraci dhe Ndërmjetësim

EPC
EUROPEAN POLICY CENTRE